Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Сто педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 мај 2023 година

**Скопје, мај 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 мај 2023 година**

Седницата започна во 10:15 часот.

На седницата претседавашед-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана,Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука,Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирањеи д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, м-р Енвер Хусејин,заменик на министерот за труд и социјална политика и Александар Бајдевски, заменик на министерот заинформатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваад-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење ичленовите на Владатад-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Меџити, министер за здравствои м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп- Битола) во Република Северна Македонија, по скратена постапка

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, по скратена постапка

3. Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделското земјиште, по скратена постапка

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка

5. Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење,по скратена постапка

6. Кадровски прашања

7. Прашања и предлози

8. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Immediate Response-23", со Предлог-одлука

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација,по скратена постапка

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп- Битола) во Република Северна Македонија, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, Секретаријатот за европски прашања и надлежните министерства.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп- Битола) во Република Северна Македонија, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии.

**Точка 2**

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, по скратена постапка.

**Точка 3**

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за дополнување на Законот за земјоделското земјиште, по скратена постапка.

**Точка 4**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, Секретаријатот за европски прашања и надлежните министерства.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Весна Андриевска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 5**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење и го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, кој се донесува по скратена постапка, со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, Секретаријатот за европски прашања и надлежните министерства.

2.Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Мартин Оџаклиески, државен советник во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 6**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 7**

**1.** Владата по повод немилите и трагични настани во Република Србија, со едноминутно молчење оддаде почит на лицата кои ги загубија животите и изрази сочувство до семејствата на загинатите и до Владата на Република Србија.

Притоа, на седницата се разговараше во однос на овие случувања во Република Србија, а надлежните министри информираа за тековните и за преземените активности во нашата држава, во делот на превенција во вакви ситуации и презентираа план за постапување во иднина.

**2.** Владата го разгледа и го прифати текстот на Меморандумот за разбирање меѓу САД и Северна Македонија за создавање стратешко партнерство за борба против дезинформации.

**3.** Владата го разгледа Известувањето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, во врска со спор поведен во Постојниот избран суд-Арбитража при Стопанската комора на Република Северна Македонија и го прифати Предлогот од Државното правобранителство на Република Северна Македонија од Постојниот избран суд-Арбитража при Стопанската комора на Република Северна Македонија, во оваа постапка да биде арбитер-поединец проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска.

**4.** Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, редактираната копија од усогласениот текст на Договорот за изградба на автопат на Коридор 8: делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Требениште-Струга-Ќафасан и автопат на Коридор 10 Д: делница Прилеп-Битола, број 09-2234/1 од 8 март 2023 година, со степен на класификација „ДОВЕРЛИВО“ да го достави до претседателот на Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата, по повод одбележувањето на 9 Мај-Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа, ги донесе следните заклучоци:

1) Владина делегација во состав:

- м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања;
- д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и
- доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука,

да положи свежо цвеќе на Партизанските гробишта во Бутел во 9:00 часот и пред споменикот Ослободители на Скопје во 9:50 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди свежи цвеќиња (венци) за делегацијата.

3) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди столици (100 на број) и шишиња вода (150 на број) за настанот на платото пред Владата на Република Северна Македонија.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди цветен аранжман за бина, за настанот на платото пред Владата на Република Северна Македонија.

5) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди техничка и логистичка опрема, озвучување и материјални трошоци за одбележување на празникот.

6) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за одбележување на настанот, преку Одделението за протокол да испрати покани според протоколот за организирање државни празници, како и да ги достави свежите цвеќиња (венци) до локацијата и да обезбеди протоколарно лице кое ќе ја проследи делегацијата на двете локации.

7) Се задолжува секторот за односи со јавност при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да организира тим од официјални фото и видео репортери и да подготви медиумски пакет за јавноста.

8) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, да го обезбеди воениот оркестар за настанот на платото пред Владата на Република Северна Македонија.

9) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди опрема за положување на цвеќе и гардисти, како и фанфарист, согласно спецификацијата на организациониот одбор.

10) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, да ја обезбеди делегацијата и да преземе мерки за соодветно одбележување на настанот.

11) Се укажува на Градски гробишта Бутел АД Скопје, за одбележување на настанот, да ја расчистат локацијата околу Партизанските гробишта и да ја подготват за положување на свежо цвеќе (венец).

**6.** Владата го разгледа Предлог-решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции и го донесе Решението со следниот заклучок:-Во член 1, од Решението да изостанат зборовите „Ивона Стојчева-член на Комисијата, Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија".

**<u>Точка 8</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Immediate Response-23", со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Immediate Response-23“.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии-Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, и во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал и материјално-технички средства на странски вооружени сили од Соединетите Американски Држави, Република Албанија, Црна Гора и Република Косово на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии-Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице, за координација со Министерството за одбрана, во врска со активностите за подготовките за изведување на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана во рок од три дена.

**Точка 9**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација,по скратена постапка и го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, кој се донесува по скратена постапка, со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, Секретаријат за европски прашања и надлежните министерства.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Валентина Димитровска, раководител на сектор во Министерството за финансии и Шасине Касами, директор на Управата за имотно-правни работи.

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, Секретаријатот за европски прашања и надлежните министерства.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика и Маја Папатолевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:10 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**